АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ЦРВЕН КРСТ
на Република Северна Македонија
Бр. 0202-1187/13
18. 12. 2019
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 од Статутот на Црвен крст на Република Северна Македонија, Раководниот одбор на Црвен крст на Република Северна Македонија на својата седница одржана на 17. 12. 2019 година донесе

**ОДЛУКА**

**за изменување и дополнување на Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија, секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на општинска организација на Црвен крст**

Член 1

Во Правилникот за именување и разрешување на Генерален секретар на Црвен крст на Република Македонија, секретар на Црвен крст на град Скопје и Секретар на општинска организација на Црвен крст (бр. 0202-583/7 од 07.06.2018 година) во називот и во сите одредби се заменуваат зборовите *Црвен крст на Република Македонија * **со зборовите *Црвен крст на Република Северна Македонија*,** односно *Црвен крст на РМ* **со зборовите *Црвен крст на РСМ*.**

Член 2

Во член 5 став 1 алинеја бројот *3* се заменува со бројот ***2*.**

Член 3

Во член 15 бројот *18* се заменува со бројот ***24*** а зборовите *(осумнаесет)* се заменуваат со зборовите ***(дваесет и четири)*.**

Член 4

Во член 16 бројот *18* се заменува со бројот ***24*** а зборовите *(осумнаесет)* се заменуваат со зборовите ***(дваесет и четири)*.**

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Потребата од донесување на оваа одлука произлегува од Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Црвен крст на Република Македонија (бр.0201-561/3 од 26.06.2019 година), како и важноста на критериумот кој се однесува на организациските и раководни способности на кандидатот за именување Секретар на Црвен крст на град Скопје/Општинска организација на Црвен крст односно назначување Вршител на должност Секретар на Црвен крст на град Скопје/општинска организација на Црвен крст.

Претседател

проф.д-р Ромел Велев

ДН:

- ООЦК/ЦКГС
- Сектори и одделенија
- Служба за финансии и ревизија
- архива